# МЕЃУНАРОДНИ ТЕСТИРАЊА НА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ПРЕДИЗВИК ЗА Р. МАКЕДОНИЈА

*Лидија Кондинска* [1]

[1] *Биро за развој на образованието–ПО Битола, Битола*
e-mail: lkondinska@yahoo.com

Во ова излагање станува збор за меѓународните тестирања: ПИРЛС, ТИМСС и ПИСА, на кои Република Македонија учествувала и планира да учествува на меѓународната студија ПИСА во 2018 година. Притоа, посебно ќе стане збор за меѓународните тестирања од ТИМСС и ПИСА на кои се проверуваат способностите и знаењата на учениците од математика, односно, математичката писменост: читање, интерпретирање и решавање на даден проблем со организирање и толкување на дадени информации и избирање метод за решавање. Секое од овие тестирања има своја цел и опфаќа ученици од различна возраст.

Посебен акцент ќе биде ставен на причините заради кои учениците во Република Македонија имаат ниски постигнувања по математика на овие тестирања и како учениците од основните и средните училишта да се подготват пред предизвикот на овие меѓународни тестирања.